

# ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

за 2024-2025

ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА **ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР** за 2024-2025

# Содржина


**Предговор од градоначалникот** ........ 3

1. **Вовед** ........ 4
2. **Национална легислатива и обврски** ........ 5
3. **Анализа на постоечка состојба** ........ 6
4. **Акциски план за 2024-2025** ........ 9
5. **Следење на реализација на ЛАП и известување** ........ 26
6. **Вклученост на засегнатите страни и комуникациска стратегија** ........ 28

**Изјава за транспарентност** ........ 29



Содржината на овој план е сопственост на Општина Демир Хисар и резултат на повеќемесечен труд на членовите на работната група. Придонесот на САЛАР и на Шведската влада беше ограничен на обезбедување техничка помош и финансиска поддршка на процесот.

SALAR International
A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions

Sweden Sverige



Слика на насловна страна: Kiril Simeonovski — сопствено дело, CC BY-SA 4.0

# Предговор од градоначалникот

**Почитувани,**



Локалниот акциски план за управување со отпад (ЛАП) за Општина Демир Хисар е прв стратешки документ од оваа област. Во него се идентификувани состојбите и проблемите со отпадот и креирани се цели и активности за нивно решавање. Со ЛАП се создадени можности за водење на долгорочна политика за заштитата и унапредување на животната средина на целата територија на Општина Демир Хисар.

Состојбата на животната средина во Општина Демир Хисар укажува на релативно чиста животна средина, без интензивни загадувачи на воздухот, водата, почвата и природата. Сепак, на природните ресурси на управувањето со отпад треба да им обрнеме посебно внимание.

Со ЛАП за Демир Хисар се даваат одговори на клучните прашања за управување со отпад:

- Како да ги решиме проблемите?
- Како да ги заштитиме идните генерации од последиците на загадување?
- Како да ја зачуваме животната средина чиста и да се заштитиме од загадувањата?

Спроведувајќи го ЛАП, посебно внимание ќе посветиме на информирањето на граѓаните за управувањето со отпад, и за поддржување на основните принципи за превентивно делување во заштита и унапредување на животната средина.

Благодарност до SALAR International и Шведската агенција за меѓународен развој за финансиската и техничка поддршка.

Благодарност и до сите учесници во тимот кои дадоа значаен придонес во изработката на овој стратешки документ.

Со Почит,
**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

# 1. Вовед

На патот кон одржливо управување со отпадот, Република Северна Македонија веќе има преземено чекори кои постепено ги надминуваат постоечките проблеми за подобрување на системите за собирање и третман на отпадот и премин од линеарна во циркуларна економија. Новиот Закон за управување со отпадот[1], Планот за управување со отпад 2020-2030, воспоставувањето на регионалниот систем за управување со отпад, како и воспоставување на организации за проширена одговорност на производителите поставија солидна основа за воспоставување на ефективна оперативна рамка и подобрување на капацитетите и праксите на сите чинители во областа.

Следејќи ги насоките од регионалните планови за управување со отпад, во рамките на проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво“ спроведуван од SALAR International, а финансиран од шведската влада преку Сида, беше развиен Оперативен регионален план за управување со отпад (ОРПУО) за пелагонискиот и југозападниот регион. Изработен заедно со општините од двата плански региона, ОРПУО претставува практичен документ кој ги локализира националните приоритети и цели и овозможува оптимално искористување на општинските ресурси. Инклузивниот и транспарентен процес го засили сопственииштвото врз планот и им овозможи на сите чинители подобро да ја разберат важноста на одржливото управување со отпадот.

Важен дел од целиот процес е и склучениот договор за заем од 55 милиони евра со Европската банка за обнова и развој кој вклучува изградба на три регионални депонии, набавка на возила и опрема како и техничка помош за поддршка на регионалниот систем за управување со отпад.

Заемот ќе обезбеди средства за нужното модернизирање на возниот парк на општинските комунални претпријатија и ќе ја нагласи клучната улога на (про)активното учество на општините во одржливото управување со отпадот.

Локалниот акциски план (ЛАП) за управување со отпад 2024-2025 на општина Демир Хисар беше изработен со цел да се утврдат локалните политики за управување со отпадот, да се утврди опсегот на интервенциите и да се постават јасни цели со детални чекори за нивна реализација.

Насоките во планот за намалување на создадениот отпад и подобрување на локалните пракси за селекција, собирање и депонирање на отпадот се во согласност со меѓунардоните стандарди и добри пракси за цврст отпад и директно водат кон намалување на влијанието врз животната средина. Регионалната перспектива и нагласокот на меѓуопштинската соработка беа меѓу приоритетите при изработката на ЛАП. Спојувањето на двата региона (пелагониски и југозападен) во еден регион за управување со отпад создава можност, но и обврска за блиска соработка помеѓу општините. Интегрирањето на инклузивните процеси и родовата перспектива во финалниот документ ќе придонесе кон зголемена родова еднаквост, подобар пристап на ранливите групи до услугите во секоја од општините и подобрување на квалитетот на живот на населението.

Планот беше изработен од работна група посебно формирана за оваа цел, во состав:

1. **Загорка Милошевска** - Советник за животна средина
2. **Сузана Цуцулоска** - раководител на инспекциско одделение
3. **Игор Димитријовски** - помлад инспектор за животна средина
4. **Вера Трајковска** - помлад инспектор за комунални дејности
5. **Благојче Брсаковски** - помлад соработник даночен извршител
6. **Александра Трајковска** - помлад соработник за нормативно правни работи
7. **Гоце Мицковски** - директор на ЈКП Комуналец Демир Хисар

1 Закон за управување со отпад (Службен Весник бр. 216/2021)

# 2. Национална легислатива и обврски

Развојот на законодавството и политиките од областа на животната средина се прилично динамични процеси и Република Северна Македонија постојано ги следи тековите и промените во еколошкото законодавство на ЕУ како правна база за изградба на еколошки стандарди во разни сектори на животната средина, вклучувајќи го и управувањето со отпадот. Во тој поглед, новиот **Закон за управување со отпад** ја транспонира европската директива за отпад (2008/98/ЕС) како и новата директива со измените од 2018 година (2018/851) со што се нагласува обврската на локалната самоуправа да управува со комуналниот отпад. Новиот закон јасно се повикува на начелата за заштита на животната средина, начелото на претпазливост и на начелото за универзалност на услугата за управување со отпадот и го допрецизира регионалниот систем за управување со отпадот како и улогите на националните и локалните актери. Со стимулација на мерки за намалување на количината на создаден отпад и одржливо управување со отпадот, Законот цели кон зачувување на ресурсите и спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина.

**Националната стратегија за управување со отпад 2008-2020** ја одразува политиката за управување со отпад и претставува основа за подготовка и спроведување на интегриран и финансиски одржлив систем. Стратегијата обезбедува насоки за активностите во областа на управувањето со отпадот со цел да се надмине неприфатливата состојба на животната средина во земјава која има негативно влијание врз водата, почвата и воздухот како и врз човековото здравје.

Надоврзувајќи се на основата поставена од Стратегијата, **Националниот план за управување со отпад 2020-2030** ја дефинира рамката за креирање и функционирање на интегриран систем за управување со отпад во согласност со хиерархијата за отпад и законодавството на ЕУ и да се постигне еколошки безбедна преработка и отстранување на отпадот во согласност со приликите во Република Северна Македонија. Одржливо функционирање на базичната инфраструктура за управување со комуналниот отпад (организациски и финансиски структури, техничка инфраструктура и правна рамка) е основната цел на Планот.

Институционалната рамка за управување со отпад е јасно дефинирана. Министерството за животна средина и просторно планирање е институција која е одговорна за креирање на политиката за управување со отпад на национално ниво, додека политиката на локално ниво е одговорност на општините. Оперативните активности како што се собирање, селекција, транспорт и депонирање се организирани преку јавните комунални претпријатија. Колективните постапувачи се исто така дел од системот за управување со различни текови на отпад, како на пример отпад од пакување, отпад од електрична и електронска опрема, отпад од батерии и акумулатори и други текови отпад кои го помагаат управувањето преку воспоставување дополнителна мрежа за селекција и спроведуваат активности за подигнување на јавната свест.

Со цел обезбедување финансиски само-одржлив систем за управување со отпад, Законот за управување со отпад го наложува и промовира регионалниот пристап. **Регионалниот систем за управување со отпад** подразбира здружување на општините во пет региони, формирање на меѓуопштински одбори за управување со отпадот за секој регион и изградба на регионални депонии со кои ќе управува **Регионално комунално претпријатие**. Изготвувањето и следењето на реализацијата на **Регионалниот план за управување со отпад** е обврска на новоформираните организациски единици за управување со отпад во Центрите за развој на планските региони.

Регионалното управување со отпад претставува современ, стратешки пристап во управувањето со отпадот и предуслов за систематско решавање на проблемите со отпадот. Интегрираното регионално управување со комуналниот цврст отпад подразбира постепено затворање на несанитарните комунални и диви депонии откако новите регионални санитарни депониии ќе станат оперативни.

# 3. Анализа на постоечка состојба

## Општи податоци




Слика бр. 1: Диспозиција на општина во Северна Република Македонија

Општината формирана е во 1946 година. Општината е сместена во југозападниот дел на РС Македонија и го зазема просторот во горното сливно подрачје на река „Црна“ која тече низ средишниот дел на општината. Опкружена е од сите страни со ридско-планинско земјиште кое се издига над рамничарските алувијални терени и создава природна целина отворена по текот на река „Црна“.

Како административна целина, општината граничи на југ со општина Битола, на запад со општините Ресен, Охрид и Дебарца, на север со општина Другово и на исток со општините Крушево и Могила.

Територијата на општината зафаќа површина од 480,15 км2 или 1,87% од вкупната површина на РС Македонија со што се вбројува во средните по големина општини во РС Македонија.

### Население во општина

Територијата на Општината , зафаќа површина од 480,18 км2.

Во општината има 40 села: Бабино, , Базерник, Бараково, Белче, Боиште, Брезово, Вардино, Велмевци, Вирово, Големо Илино, Граиште, Доленци, Единаковци, Жван, Железнец, Журче, Загориче, Зашле, Кочишта, Кутретино, Мало Илино, Мренога,Ново Село, Обедник, Прибилци, Радово, Ракитница, Растојца, Света, Сладуево, Слепче, Слоештица, Смилево, Сопотница, Стругово, Суводол, Суво Грло, Утово, Церово и Лесково.

Населението живее претежно во објекти од индивидуална градба.

Според пописот од 2021. во општина живеат 7.260 жители и просечната густина на населението изнесува 15,13 жители/км2. Во однос на националната припадност, во општината доминираат Македонци со мнозинство од 92,40%, по нив следуваат Албанците со 3,00%, Турците со 0,06%, и други со 4,54%.

Најголема населба е со 2431 жители. Бројот на домаќинствата во цела општина изнесува 2.526, а бројот на членови по семејство изнесува 2,87.

Според социо-економските показатели, бројот на работоспособното население во општината изнесува 6474 жители. Вработени се 2796 лица, а стапката на невработеност изнесува 32,7%.




**Слика бр. 2:** Општина Демир Хисар со диспозиција на населените места

**Табела 1:** Преглед на вкупно резидентно население по пол по населени места.

| Реден број | Населено Место | Пол-ВКУПНО | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Бабино | 21 | 9 | 12 |
| 2. | Базерник | 14 | 8 | 6 |
| 3. | Бараково | 55 | 34 | 21 |
| 4. | Белче | 210 | 111 | 99 |
| 5. | Боиште | 2 | 2 | 0 |
| 6. | Брезово | 26 | 16 | 10 |
| 7. | Вардино | 198 | 109 | 89 |
| 8. | Велмевци | 7 | 4 | 3 |
| 9. | Вирово | 56 | 24 | 32 |
| 10. | Големо Илино | 13 | 7 | 6 |
| 11. | Граиште | 72 | 39 | 33 |
| 12. | Доленци | 60 | 33 | 27 |
| 13. | Единаковци | 228 | 117 | 111 |
| 14. | Жван | 242 | 126 | 116 |
| 15. | Железнец | 16 | 9 | 7 |
| 16. | Журче | 150 | 76 | 74 |
| 17. | Загориче | 94 | 49 | 45 |
| 18. | Зашле | 12 | 7 | 5 |
| 19. | Кочишта | 10 | 5 | 5 |
| 20. | Кутретино | 264 | 130 | 134 |
| 21. | Лесково | 0 | 0 | 0 |
| 22. | Мало Илино | 34 | 23 | 11 |
| 23. | Мренога | 55 | 28 | 27 |
| 24. | Ново Село | 29 | 16 | 13 |
| 25. | Обедник | 239 | 188 | 121 |
| 26. | Прибилци | 153 | 86 | 67 |
| 27. | Радово | 13 | 5 | 8 |
| 28. | Ракитница | 11 | 5 | 6 |
| 29. | Растојца | 10 | 7 | 3 |
| 30. | Света | 258 | 135 | 123 |
| 31. | Сладуево | 52 | 23 | 29 |
| 32. | Слепче | 555 | 269 | 286 |
| 33. | Слоештица | 141 | 74 | 67 |
| 34. | Смилево | 218 | 115 | 103 |
| 35. | Сопотница | 715 | 375 | 340 |
| 36. | Стругово | 184 | 98 | 86 |
| 37. | Суводол | 371 | 191 | 180 |
| 38. | Суво Грло | 7 | 5 | 2 |
| 39. | Утово | 34 | 17 | 17 |
| 40. | Церово | 0 | 0 | 0 |
| 41. | Демир Хисар | 2431 | 1250 | 1181 |
| **Вкупно** | | **7260** | **3755** | **3505** |

**Забелешка**: - * Селата Лесково и Церово немаат постојани жители.

Ова се места каде природата ја зачувала својата уникатна недопрена убавина. Тие се мали, но имаат многу вредности да понудат. Растителниот свет, посебно шумската вегетација во општина Демир Хисар завзема големи површини и се одликува со релативна сочуваност што придонесува чист и незагаден воздух а со тоа и почиста животна средина

**Табела 2:** Вкупна количина на создаден и собран отпад по вид и години во тони и м$^3$

| ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНА КОЛИЧИНА НА СОЗДАДЕН И СОБРАН ОТПАД ПО ВИД И ГОДИНА (ВО ТОНИ) | | | | | | |
| | 2020 | | 2021 | | 2022 | |
| | Создаден | Собран | Создаден | Собран | Создаден | Собран |
| Хартија | | | | | | |
| Стакло | | | | | | |
| Пластика | | | | | | |
| Органски отпад | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 |
| Останат комунален отпад | 1650 | 1650 | 2000 | 2000 | 2500 | 2500 |
| **ВКУПНО** | **1660** | **1660** | **2010** | **2010** | **2510** | **2510** |
| % на сортиран отпад | | 0,60 | | 0,50 | | 0,40 |
| % на собран отпад | | 100 | | 100 | | 100 |
| % на домаќинства покриени со услуга | | 80 | | 80 | | 80 |
| % на наплатен надомест | | 95 | | 80 | | 80 |
| ВКУПНА КОЛИЧИНА НА СОЗДАДЕН И СОБРАН ОТПАД ПО ВИД И ГОДИНА (ВО ТОНИ) | | | | | | |
| Градежен отпад | 1500 | 1500 | 1500 | 1500 | 1500 | 1500 |
| Кабаст отпад | | | | | | |
| **ВКУПНО** | | **1500** | | **1500** | | **1500** |

**Табела 3:** Возила за управување со отпад во општина Демир Хисар

| ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ВОЗИЛА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ОПШТИНАТА | | | | | |
| Назив на возило | Модел | Тип | Година на производство | Капацитет (м$^3$) | Вкупен број вакви возила |
| IVEGO EUROKARGO | Товарно возило со специјална намена-комунално | | 2002год. | 10м$^3$ | 1 |
| RENAUT | Товарно возило со специјална намена-комунално | | 2020 год. | 12м$^3$ | 1 |
| FOTON AUMARKC | Товарно возило со специјална намена-комунално | | 2018год. | 7м$^3$ | 1 |

# 4. Акциски план за 2024-2025

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР | | | | | | | | | |
| Приоритет 1 | | Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници | | | | | | | |
| Цел 1.1 | | Подобрено собирање и транспортирање преку планирање | | | | | | | |
| Акција 1.1.1 | | Мапирање на пречки кои го спречуваат лесниот пристап до корисниците вклучувајќи ги и ранливите групи | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈКП Комуналец Демир Хисар, засегнати страни | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 1.1.1.1 | Формирање на работна група | 1 месец | 1/2024 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | / | | Нема доволно пристапни собирни места за отпад во руралните места | Пречките се идентификувани и се работи на нивно отстранување<br><br>Мапирана најмалку една пречка која го отежнува пристапот на лица од ранливи групи<br><br>Примарните собирни капацитети се адаптирани земјаќи ги предвид потребите на ранливите групи граѓани |
| 1.1.1.2 | Утврдување на сите пречки и потенцијални ограничувања кои би го спречиле пристапот до корисниците | 2 месеци | 1/2024 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | / | Консултација со засегнати страни и изнаоѓање решение | | |
| 1.1.1.3 | Изработка на план за надминување на идентификуваните пречки | 3 месеци | 2/2024 | Одделение за урбанизам, зжс и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | / | ЈКП Комуналец Демир Хисар и комунални инспектори | | |
| 1.1.1.4 | Адаптација на примарните собирни капацитети согласно потребите на сите граѓани вклучувајќи ги и ранливите категории | 3 месеци | 3/2024 | ЈКП Комуналец Демир Хисар | 50.000,00 ден | Општински буџет/Донатор | Општината и месното население | | |

| Приоритет 1 | | Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 1.1 | | Подобрено собирање и транспортирање преку планирање | | | | | | | |
| Акција 1.1.6 | | Развивање и испорака на образовни програми за вработените за соодветни организациски процеси у управување со податоци | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈКП Комуналец Демир Хисар и САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 1.1.6.1 | Анализа на потребите за видот образовни програми наменети за вработените | 3 месеци | 1/2024 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | Нема организирани образовни програми наменети за вработените | Соодветни образовни програми се развиени и испорачани на вработените<br><br>Најмалку 40% од обучените се жени |
| 1.1.6.2 | Развој на соодветни образовни програми врз основа на идентификуваните потреби | 2 месеци | 2/2024 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |
| 1.1.6.3 | Испорака на образовните програми за вработените | 6 месеци | 3/2024 - 4/2025 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | 120.000,00 ден | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |

| Приоритет 1 | | Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 1.2 | | Зголемен возен парк и број на канти/контејнери | | | | | | | |
| Акција 1.2.1 | | Идентификување на извори на финансирање и ефективно финансиско планирање | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈКП Комуналец Демир Хисар и САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 1.2.1.1 | Формирање работна група | 1 месец | 1/2024 | Одделение за урбанизам, зжс и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | / | / | Не постои редовно следење на извори на финансирање | Изворите на финансирање редовно се следат и се подготвуваат полугодишни извешати |
| 1.2.1.2 | Следење на актуелни или идни повици за финансирање | 24 месеци | 1/2024 - 4/2025 | Работна група | / | / | Техничка поддршка од САЛАР | | |
| 1.2.1.3 | Подготовка на полугодишен извештај за извори за финансирање и финансиско планирање | 24 месеци | 1/2024 - 4/2025 | Работна група | / | / | Техничка поддршка од САЛАР | | |

| Приоритет 1 | | Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 1.2 | | Зголемен возен парк и број на канти/контејнери | | | | | | | |
| Акција 1.2.2 | | Набавка на возила и канти/контејнери | | | | | | | |
| Координација со: | | МЖСПП | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 1.2.2.1 | Анализа на потребата од возен парк и број на канти/контејнери на територијата на општината | 2 месеци | 1/2024 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | / | Координација со МЖСПП | Недоволна опременост со возила и канти/ контејнери | Постигнување на оптимален број на опрема |
| 1.2.2.2 | Утврдување на фактичка состојба со опременост на ЈКП Комуналец Демир Хисар | 1 месец | 1/2024 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | / | Координација со МЖСПП | | |
| 1.2.2.3 | Набавка на нови возила, канти / контејнери | 2 месеци | 2/2024 - 3/2024 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | дополнително ќе се одреди согласно договорот за јавна набавка | Централен буџет - МЖСПП | Координација со МЖСПП | | |
| 1.2.2.4 | Поставување на нови канти/контејнери | 3 месеци | 3/2024 - 4/2024 | ЈКП Комуналец Демир Хисар | 10.000,00 ден | Општина Демир Хисар, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | | |

| Приоритет 2 | | Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови за отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 2.1 | | Идентификувани количини на посебни текови на отпад што се создаваат во општината | | | | | | | |
| Акција 2.1.1 и 2.1.2 | | Подготовка на листа за посебни текови на отпад и анализа на специфични текови на отпад што се создаваат на територијата на општината | | | | | | | |
| Координација со: | | САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.1.2.1 | Ангажирање на експерт | 1 месец | 1/2024 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности | / | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | Не постои утврдена листа за посебни текови на отпад што се создаваат на територија на општината<br><br>Не постои сеопфатна анализа на специфични текови на отпад што се создаваат на територијата на општината | Подготвена листа за посебни текови со отпад со ажурирани податоци<br><br>Подготвена анализа на специфични текови на отпад и начин на постапување |
| 2.1.2.2 | Спроведување на сеопфатна анализа на специфични текови на отпад според однапред утврдена методологија | 2 месеци | 2/2024 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |
| 2.1.2.3 | Изработка на извештај за утврдување на специфични текови на отпад со препораки за начин на постапување | 1 месец | 2/2024 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | 50.000,00 ден | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |

| Приоритет 2 | | Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 2.2 | | Создавање на пресретлива / поволна средина за селекција на отпадот | | | | | | | |
| Акција 2.2.4 | | Подигнување на јавната свест и мотивирање на населението за придобивките од селекција на отпадот | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈП Комуналец и САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.2.4.1 | Подготовка на план со активности за подигнување на јавната свест кај населението | 2 месеци | 2/2024 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | / | Експертска поддршка - САЛАР | Ниско ниво на информираност на населението за придобивките од селекцијата на отпад | Подигнување на степенот на информираност кај населението за придобивките од селекција на отпад<br><br>Спроведена најмалку една активност специфично наменета за подигнување на степенот на информираност на ранливите групи |
| 2.2.4.2 | Формирање на тим за спроведување на планираните активности | 1 месец | 2/2024 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | / | / | | |
| 2.2.4.3 | Теренски активности за спроведување на планот | 18 месеци | 3/2024 - 4/2025 | Градоначалник, тим за спроведување, ЈКП Комуналец Демир Хисар, Совет на општина | 200.000,00 ден | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |

| Приоритет 2 | | Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 2.3 | | Обезбедување на капацитети и опрема за селекција на отпад | | | | | | | |
| Акција 2.3.6 | | Изградба на острови за селекција на отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈКП Комуналец Демир Хисар | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.3.6.1 | Утврдување на можни локации за острови за селекција на отпад | 2 месеци | 3/2024 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | / | ЈКП Комуналец Демир Хисар и комунални инспектори | Не постојат острови за селекција на отпад | Изградени се острови за селекција на отпад |
| 2.3.6.2 | Подготвителни активности (бетонирање) на локацијата за селекција | 3 месеци | 4/2024 | ЈКП Комуналец Демир Хисар | 20.000,00 ден | Општински буџет/Донатор | Консултација со експерт за селекција и складирање на отпад, ЈКП Комуналец Демир Хисар | | |
| 2.3.6.3 | Набавка и поставување на садови за селекција на отпад | 6 месеци | 1/2025 | Одделение за финансиски прашња, ЈКП Комуналец Демир Хисар | 200.000,00 ден | Донаторска поддршка | Соработка со Комисија за јавни набавки и Совет на општина | | |

| Приоритет 3 | Намалување на количините за органски отпад кои завршуваат на депонија | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 3.1 | Создавање пресретлива средина за селекција на органски отпад | | | | | | | | |
| Акција 3.1.1 и 3.1.2 | Анализа на количини и модели на органски отпад и исплатливост и придобивки за селекција и третман на органски отпад | | | | | | | | |
| Координација со: | ЈП Комуналец, засегнати страни и САЛАР | | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 3.1.1.1 | Ангажман на експерт за изработка на анализата | 2 месеци | 3/2024 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Консултација со експерт за селекција и складирање на отпад, ЈКП Комуналец Демир Хисар, институции кои продуцираат органски отпад | Нема податоци за количини создаден органски отпад | Утврдени количини на органски отпад и начин на третман<br><br>Подготвена анализа со препораки за исплатливост и придобивки од селекција на органски отпад<br><br>Дефинирана најмалку една можност/придобивка која специфично се однесува на жените при селекција и третман на органски отпад |
| 3.1.1.2 | Спроведување на анализа за количини и модели на органски отпад | 3 месеци | 4/2024 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | ЈКП Комуналец Демир Хисар и комунални инспектори, институции (иматели на органски отпад) | | |
| 3.1.1.3 | Подготовка на извештај за количини и модели на органски отпад со препораки за исплатливост и придобивки од селекцијата | 6 месеци | 1/2025 и 2/2025 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | 150.000,00 ден | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |

| Приоритет 3 | | Намалување на количините за органски отпад кои завршуваат на депонија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 3.2 | | Погоните за компостирање се изградени и работат | | | | | | | |
| Акција 3.2.1 | | Воведување на меѓуопштинска соработка за управување со органски отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈП Комуналец и САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 3.2.1.1 | Идентификација на можни општини за воспоставување на меѓуопштинска соработка | 1 месец | 4/2024 | Работната група и останатите одделнија | / | / | / | Нема воспоставено меѓуопштинска соработка за управување со органски отпад | Воспоставена е меѓуопштинска соработка за управување со органски отпад |
| 3.2.1.2 | Склучување на договор за меѓуопштинска соработка | 3 месеци | 4/2024 - 1/2025 | Градоначалник, Совет на Општина | 5.000,00 ден | Општински буџет | Одделение за општи и правни работи | | |
| 3.2.1.3 | Одредување на можни локации за изградба на компостара | 3 месеци | 1/2025 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | 10.000,00 ден | Општински буџет | Експерт за одредување на локација, Одделение за урбанизам | Нема идентификувано локација за изградба на компостара | Идентификувана е локација за изградба на компостара |

| Приоритет 3 | | Намалување на количините за органски отпад кои завршуваат на депонија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 3.3 | | Воведување системи за селекција, собирање и транспортирање на органски отпад | | | | | | | |
| Акција 3.3.2 | | Дизајнирање и спроведување на пилот проекти за селекција на органски отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈП Комуналец, засегнати страни, други општини и САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 3.3.2.1 | Ангажирање на експерт за изработка на пилот проект за селекција на органски отпад | 2 месеци | 1/2025 | Одделение за финансиски прашања, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | Донатор | Координација со експерти за изработка на пилот проект, ЈКП Комуналец Демир Хисар, засегнати општини, комисија за јавни набавки | Нема тековни проекти за селекција на органски отпад | Пилот проектот е дизајниран подеднакво адресирајќи ги потребите на жените и ранливите групи |
| 3.3.2.2 | Подготовка на пилот проект | 3 месеци | 2/2025 | Одделение за финансиски прашања, ЈКП Комуналец Демир Хисар | 250.000,00 ден | Донатор | Координација со експерти за изработка на пилот проект, ЈКП Комуналец Демир Хисар, засегнати општини, комисија за јавни набавки | | |
| 3.3.2.3 | Спроведување на пилот проектот | 6 месеци | 3/2025 - 4/2025 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар, работна група | 200.000,00 ден | Донатор | Координација со засегнатите општини, Јавни комунални претпријатија во општините, консултанти и комунални инспектори | | |

| Приоритет 4 | | Изградба на депонија согласно стандардите на ЕУ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 4.1 | | Општините во двата региона се подготвени за РСУО | | | | | | | |
| Акција 4.1.1 | | Развивање студија која ги утврдува промените во пактиките за управување со комуналниот отпад како резултат н РСУО и регионалната депонија | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈКП Комуналец Демир Хисар | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 4.1.1.1 | Составување на тим за подготвителни активности и прибирање на податоци | 2 месеци | 2/2024 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | / | Консултација со експерт за селекција и складирање на отпад, ЈКП Комуналец Демир Хисар и комунални инспектори | Не постои студија која ги утврдува промените | Изработена студија која ќе ги утврди промените во практиките за управување со комуналниот отпад |
| 4.1.1.2 | Избор и ангажирање на консултантска куќа за изработка на студијата | 3 месеци | 3/2024 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, Одделение за финансиски прашања | 200.000,00 ден | Општински буџет/Донатор | Консултација со експерт, Комисија за јавни набавки, ЈКП Комуналец Демир Хисар | | |
| 4.1.1.3 | Развивање на студија која ги утврдува промените во практиките на управување со комунален отпад | 6 месеци | 1/2025 - 2/2025 | Работна група, консултантска куќа, ЈКП Комуналец Демир Хисар | 50.000,00 ден | Општински буџет/Донатор | Консултантска куќа, ЈКП Комуналец Демир Хисар | | |

| Приоритет 4 | | Изградба на депонија согласно стандардите на ЕУ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 4.2 | | Основано регионално комунално претпријатие | | | | | | | |
| Акција 4.2.2 | | Потпишување на договор за меѓуопштинска соработка | | | | | | | |
| Координација со: | | МЖСПП, општини од двата региони и САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 4.2.1.1 | Донесување на одлука на совер | 1 месец | 1/2024 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | / | Техничка поддршка од МЖСПП | Не постои спогодба за здружување за воспоставување на систем за управување со отпад на регионално ниво | Склучена спогодба за здружување за воспоставување на систем за управување со отпад на регионално ниво |
| 4.2.1.2 | Склучување на Спогодба за уредување на меѓусебните права и обврски на општините од регионот | 1 месец | 2/2024 | Градоначалник, Совет на општина, одделение општи и правни работи | / | / | Консултација со правен експерт | | |
| 4.2.1.3 | Формирање на меѓуопштински одбор за регионално управување со отпад | 1 месец | 2/2024 | Градоначалници директори на 2 региони | 20.000,00 ден | Буџет на општина | Консултација со правен експерт | | |
| 4.2.1.4 | Избор на раководна структура | 1 месец | 3/2024 | Градоначалници директори на 2 региони | | | | | |

| Приоритет 5 | | Приоритет 5 Затворање и санација на ѓубришта ( диви депонии ) | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 5.1 | | Изработени се општински планови за затворање и санација | | | | | | | |
| Акција 5.1.1 и 5.1.2 и 5.1.3 | | Мапирање на општински ѓубришта и изработка на приоритетна листа на ѓубришта и проценка на трошоците за активностите | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈП Комуналец и САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 5.1.1.1 | Собирање на податоци/мапирање на општински ѓубришта | 2 месеци | 2/2025 | / | / | / | / | Општинските ѓубришта не се ажурирани<br><br>Не е изработена приоритетна листа на ѓубришта и проценка на трошоците за активностите<br><br>Не постои регионална база на податоци | Општинските ѓубришта се мапирани и редовно се ажурираат<br><br>Изработена е приоритетна листа и временска рамка за санација и затворање на ѓубришта<br><br>Трошоците за затворање и санација на таргетираните ѓубришта се утврдени и истите се вклучени во општинскиот Буџет<br><br>Креирана е регионална база на податоци за ѓубришта |
| 5.1.1.2 | Подготовка на извештај за мапирани општински ѓубришта | 1 месец | 2/2025 | / | / | / | / | | |
| 5.1.1.3 | Избор на приоритетни таргети од листата на ѓубришта | 1 месец | 2/2025 | ЈКП Комуналец Демир Хисар, Одделение за инспекциски надзор | / | / | ЈКП Комуналец Демир Хисар, Одделение за инспекциски надзор, техничка поддршка од САЛАР | | |
| 5.1.1.4 | Проценка на трошоци за затворање и санација на таргетираните ѓубришта | 2 месеци | 3/2025 | Одделение за финансиски прашања, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | / | Одделение за финансиски прашања, ЈКП Комуналец Демир Хисар, техничка поддршка од САЛАР | | |
| 5.1.1.5 | Утврдување на временска рамка за затворање и санација | 1 месец | 3/2025 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | / | Консултант, комунални инспектори, ЈКП Комуналец Демир Хисар | | |
| 5.1.1.6 | Вклучување на идентификуваните средства во општинскиот Буџет | 1 месец | 4/2024 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | / | Поддршка од Градоначалник и Совет на општината | | |
| 5.1.1.7 | Изработка на регионална база на мапирани ѓубришта | 6 месеци | 1/2025 - 2/2025 | Одделение за ЛЕР (животна средина) и ЈКП Комунална хигиена Новаци | 150.000,00 ден | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Техничка поддршка - САЛАР | | |

| Приоритет 5 | | Затворање и санација на ѓубришта | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 5.2 | | Постигнати се општинските планови за затворање и санација | | | | | | | |
| Акција 5.2.2 | | Следење и евалуација на активностите | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈП Комуналец, донатори | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 5.2.2.1 | Формирање на тим за следење и евалуација на активностите | 1 месец | 1/2025 | Одделение за инспекциски надзор, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | / | ЈКП Комуналец Демир Хисар и комунални инспектори | Планот и активностите за затворање и санација се уште не се подготвени | Планот и активностите редовно се следат и евалуираат |
| 5.2.2.2 | Следење и евалуација на предвидените активности | 9 месеци | 2/2025 - 4/2025 | Одделение за инспекциски надзор, ЈКП Комуналец Демир Хисар | 20.000,00 ден | Општински буџет/Донатор | Консултација со експерт за селекција и складирање на отпад, ЈКП Комуналец Демир Хисар и Одделение за инспекциски надзор | | |
| 5.2.2.3 | Подготовка на завршен извештај за реализираните активности | 1 месец | 4/2025 | Одделение за инспекциски надзор, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | / | ЈКП Комуналец Демир Хисар и Одделение за инспекциски надзор | | |

| Приоритет 5 | | Затворање и санација на ѓубришта | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 5.2 | | Постигнати се општинските планови за затворање и санација | | | | | | | |
| Акција 5.2.3 | | Подигање на јавната свест и мотивирање за соодветно депонирање на отпадот за општините да бидат чисти и уредни | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈКП Комуналец Демир Хисар и САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 5.2.3.1 | Подготовка на план со активности за подигнување на јавната свест кај населението | 4 месеци | 1/2024 | Одделение за финансиски прашања, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | Буџет на општина и САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | Постои потреба од подигнување на јавната свест за соодветно депонирање на отпадот | Јавната свест е подигната и населението е поинформирано за соодветно депонирање на отпадот<br><br>Спроведена најмалку една активност специфично наменета за подигнување на степенот на информираност на ранливите групи |
| 5.2.3.2 | Спроведување на активностите од претходно подготвениот план | 18 месеци | 3/2024 - 4/2025 | Одделение за финансиски прашања, ЈКП Комуналец Демир Хисар | 200.000,00 ден | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |
| 5.2.3.3 | Спроведување на еко акции и едукативни часови во основното училиште и детската градинка | Два пати годишно | 3/2024 - 4/2025 | Одделение за финансиски прашања, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | / | Техничка поддршка - САЛАР | | |

| Приоритет 6 | | Обезбедување приход кој целосно ќе ги покрие трошоците за управување со отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 6.1 | | Спроведена е анализа за пропустите во надоместоците за отпад | | | | | | | |
| Акција 6.1.1 и 6.1.3 | | Идентификување на јазот помеѓу приходите и расходите на активностите за управување со отпад и утврдување на оптимален износ на надоместокот за собирање отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈКП Комуналец Демир Хисар, Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги и САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 6.1.1.1 | Ангажирање на експерт за спроведување на анализата | 3 месеци | 1/2024 | Одделение за финансиски прашања, ЈКП Комуналец Демир Хисар | / | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка од САЛАР, консултација со експерт, ЈКП Комуналец Демир Хисар | Нема анализа на приходи и трошоци при управување со отпад | Подготвен извештај со препораки за надминување на јазот помеѓу приходите и расходите<br><br>Утврдена е тарифа за одлагање отпад согласно Правилник |
| 6.1.1.2 | Спроведување на сеопфатна анализа на приходите/ расходите за управување со отпад и извештај | 3 месеци | 2/2024 | Одделение за финансиски прашања, ЈКП Комуналец Демир Хисар | 200.000,00 ден | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка од САЛАР, консултација со експерт, ЈКП Комуналец Демир Хисар, Одделение за финансиски прашања | | |
| 6.1.1.3 | Утврдување на тарифа за одлагање на отпад | 2 месеци | 3/2025 | Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на РСМ, Совет на општина Демир Хисар | / | / | Консултација со експерт, Регулаторна Комисија, ЈКП Комуналец Демир Хисар | | |

| Приоритет 6 | | Обезбедување приход кој целосно ќе ги покрие трошоците за управување со отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 6.2 | | Се спроведуваат препораките од анализата на пропустите | | | | | | | |
| Акција 6.2.6 | | Подигнување на јавната свест за важноста од плаќање соодветен надоместок за отпад што ќе обезбеди одржливост на системот за управување со отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈКП Комуналец Демир Хисар, засегнати страни (НВО, медиуми), САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 6.2.6.1 | Подготовка на план со активности и методи за подигање на јавната свест | 1 месец | 2/2025 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и ком. дејности, ЈКП Комуналец Демир Хисар, | / | / | Консултација со експерт, поддршка од ЈКП Комуналец и Одделение за инспекциски надзор, медиуми | Ниска јавна свест за важноста од плаќање на надоместоци за управување со отпад | Подигнување на свеста и постигнување на поголем процент на наплата |
| 6.2.6.2 | Формирање на тим за спроведување на планот со активности | 1 месец | 2/2025 | Одделение за урбанизам, ЗЖС и ком. дејности, ЈКП Комуналец, Одделение за инспекциски надзор | / | / | ЈКП Комуналец и Одделение за инспекциски надзор, Медиуми | | |
| 6.2.6.3 | Теренски активности-средби со граѓани, состаноци, промоции | 6 месеци | 3/2025 - 4/2025 | Градоначалник, Тим за работа на терен, Совет на општина, НВО, медиуми | 15.000,00 ден | Општински буџет | Техничка подршка од институци (возила, сали за состаноци), медиуми | | |

# 5. Следење на реализација на ЛАП и известување



Следењето, верификацијата на податоците и известувањето на овој ЛАП за одржливо управување со отпад ќе играат клучна улога во неговото ефикасно спроведување. Методите кои ќе бидат применети за следење на неговата реализација ќе имаат цел да го осигураат напредокот кон постигнување на целните индикатори за секоја од акциите на овој ЛАП.

За непрекинато следење на ЛАП е предвидено општинската работната група за управување со отпад да се среќава по потреба, но најмалку еднаш месечно. На таа средба ќе се координираат активностите и дискутира напредокот во реализацијата со осврт на сработеното и воочените потешкотии. За утврдување на степенот на реализација, ажурирање на активностите и анализа на сработеното, предвидена е евалуација на ЛАП кон крајот на првата година (2024). Ова ќе гарантира дека ЛАП ќе остане динамичен плански документ кој одговара на новоидентификуваните потреби и предизвици. Искуството стекнато во процесот како и научените лекции ќе бидат од непроценлива важност при изработката на новиот Регионален план за управување со отпад 2026-2031.

Континуираното известување и комуникација со сите актери вклучени во реализацијата на планот ќе овозможи навремени прилагодувања, на тој начин зголемувајќи ја приспособливоста и ефективноста на ЛАП. Модалитети на меѓуопштинска соработка се веќе вклучени во планот што ќе овозможи споделување на добрите пракси и научените лекции со другите општини во регионот. Два ротирачки члена на управниот одбор на проектот „Одржливо управување со отпад на локално ниво“ доаѓаат од општините во пелагонискиот и југозападниот регион што ќе овозможи блиска комуникација со донаторската задница и засилена поддршка за реализација на активностите од планот.

Користењето на различни алатки како што се истражувања и теренски активности, заедно со верификацијата на податоците од општинската евиденција, извештаите и повратните информации од засегнатите страни и граѓаните, ќе ја гарантира веродостојноста на процесот на следење.

Посветеноста на општината кон континуирано следење и известување на овој ЛАП не само што ќе го зајакне неговиот кредибилитет, туку и ќе воспостави основа за донесување одлуки базирани на докази, промовирајќи го одржливото управување со отпадот во нашата општина.

Табелата подолу ги опишува очекуваните еколошки, социјални и економски влијанија на Локалниот акциски план (ЛАП), истовремено осигурувајќи дека неговата имплементација останува усогласена со принципите на одржливост, избегнувајќи негативни последици врз животната средина и социо-економските можности на жителите во општината.

| Бр. | Прашања | Да | Не | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Дали ЛАП ќе има негативно влијание врз животната средина? Дали ова влијание е големо, без преседан и неповратно? Објаснете накратко | | не | Напротив со активностите во ЛАП ќе се подобри состојбата во животната средина и ќе има позитивно влијание. |
| 2 | Дали влијанието оди вон рамките на планот?<br>Дали реализацијата на планот оди вон рамките на планирањето?<br>Објаснете накратко | | не | Реализацијата на ЛАП е во рамките на планирањето. |
| 3 | Дали планот вклучува промени или деградација на природните живеалишта? Објаснете накратко | | не | Планот нема да предизвика промени или деградација на природните живеалишта. |
| 4 | Дали планот ќе го влоши квалитетот на водата во општината? | | не | Напротив може да има само подобрување со почиста средина. |
| 5 | Дали планот ќе го влоши квалитетот на почвата во општината? | | не | Нема да го влоши квалитетот на почвата напротив се очекува подобрување. |
| 6 | Дали ЛАП има негативно социјално влијание?<br>Дали ова влијание е големо, без преседан и неповратно? Објаснете накратко | | не | ЛАП нема негативно социјално влијание. |
| 7 | Дали планот има влијание врз материјални<br>и/или културни ресурси кои што се значајни за локалната заедница? Објаснете накратко | | не | Нема да има влијание врз културните ресурси. |
| 8 | Доколку постојат повеќе етнички заедници во вашата општина,<br>дали реализација на планот ќе има негативно влијание врз квалитетот на живот на некои од нив? Објаснете накратко | | не | Реализација на Планот се очекува да има само позитивно влијание врз квалитетот на животот за сите еднички заедници во општината. |
| 9 | Дали планот ги зема предвид жените и младите девојки како посебна група граѓани и дали ќе има влијание врз квалитетот на нивниот живот? Објаснете накратко | да | | Планот ќе има позитивно влијание врз квалитетот на животот и на жените посебно што тие се грижат за отпадот создаден во домаќинствата. |
| 10 | Дали планот ги зема предвид ранливите групи граѓани и дали ќе има влијание врз квалитетот на нивниот живот? Објаснете накратко | да | | Посебно за тоа што ќе се создадат услови за полесно и поблиско да се собира отпадот. |
| 11 | Дали планот вклучува губење на имот или средства за живот на жителите во општината? Објаснете накратко | | не | Нема да има губење на имот и средства на граѓаните. |
| 12 | Дали планот ќе има негативно влијание врз економските можности и пристапот до пазарот на труд на жителите на општината? Објаснете накратко | | не | Напротив ќе има позитивно влијание врз економските можности и пристап до пазарот на трудот со тоа што чиста животна средина е попримамливо за инвестирање. |

# 6. Вклученост на засегнатите страни и комуникациска стратегија



Во мисијата да го подобриме управувањето со отпадот и да придонесеме кон поздрава животна средина во нашата општина, нашиот комуникациски пристап ќе се стреми кон активно вклучување на граѓаните и засегнатите страни, позиционирајќи ги како клучни актери во процесот на трансформација кон одржливи пракси. Преку ефективна комуникација, ќе настојуваме да негуваме заеднички идентитет на еколошки свесна општина, користејќи ги дигиталните комуникациски канали и другите средства за информирање кои ни стојат на располагање.

Нашата намера е активно да ги вклучиме граѓаните и засегнатите страни во заедничките напори на општината да ги имплементира активностите од ЛАП. Остварувањето на целите од планот бара поголема свесност, промени во односот на населението кон отпадот и трансформативни промени во начинот на кој комуналните претпријатија се справуваат со отпадот. Колективна посветеност кон одржливи пракси за управување со отпад кај секој граѓанин во нашата заедница ќе се постигне преку програмата за кревање на јавната свест, едукативните програми и таргетираните кампањи за поддршка на одредени активности од ЛАП и програмите за јакнење на капацитетите на општините и комуналните претпријатија.

Активното вклучување на засегнатите страни во сферата на отпадот (кои што беа идентификувани на почетокот на процесот за изработка на ЛАП) ќе биде највабжниот аспект на нашата комуникациска стратегија. Во нашите напори за почиста и поодржлива општина, ние ќе настојуваме да ги вклучиме сите членови на заедницата, вклучувајќи ги бизнисите, невладините организации, медиумите, неформалниот сектор, како и јавните институции. ЛАП, неговото спроведување и сите негови промени ќе бидат отворено комуницирани и коментарите ќе бидат земени предвид. Комуникациските канали ги вклучуваат социјалните мрежи, веб страницата на општината, емаил, радио, телевизија и директна комунникација со општинската администрација. Нашиот пристап за вклучување на засегнатите страни ќе биде воден од принципите на отворена комуникација, инклузивност и заедничко одлучување.

Преку негувањето силни врски со засегнатите страни, имаме за цел да изградиме мрежа за поддршка која активно ќе придонесува кон исполнување на целите и приоритетите од акцискиот план за управување со отпад. Со заеднички напори, ќе настојуваме да ја искористиме колективната мудрост и различните перспективи, на тој начин осигурувајќи дека нашите постапки се целосно усогласени со потребите и желбите на целата заедница. Реализацијата на планот зависи од сите нас.

# Изјава за транспарентност



Почитувајќи ги принципите на одговорно владеење, Општина Демир Хисар ја препознава важноста на справување со ризиците од корупција за време на имплементацијата на овој акциски план. Тргнувајќи од тоа, ние сме целосно посветени на спроведување соодветни антикорупциски мерки за да обезбедиме транспарентност и правичност во нашите активности за управување со отпад.

Оваа заложба е во согласност со нашата цел да промовираме одговорни пракси, да ги заштитиме ресурсите, како и да промовираме пристап кој целосно ги заштитува интересите на заедницата при реализацијата на активностите од овој ЛАП за управување со отпад.

При реализацијата на овој акциски план, нашата цел е да бидеме постојано будни, да ги препознаеме појавите на нетранспарентни пракси, и на тој начин да создадеме средина која дава приоритет на интегритетот и одговорното управување со отпадот на локално ниво.



SALAR International

A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions

Sweden Sverige

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Vetëqeverisjes Lokale

ЗЕЛС